Врз основа на член 73 став (1) точка 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 јуни 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Илче Недески од Охрид УП2 09-187/26 од 14 април 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_12_20260304_124 од 17.03.2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_12_20260304_124 од 17.03.2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Илче Недески од Охрид до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-187/26 од 14 април 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. УП1 бр. NCC_12_20260304_124 од 17.03.2026 година, издадено поради непостоење на технички услови за приклучување за приклучок на пумпа за вода, некомплетна документација и потребно доставување на нотарски заверени изјави за согласност за приклучок од останатите сопственици наведени во имотниот лист со број 1459.

Според Електродистрибуција – најблиска приклучна точка е околу 320m до парцелата на барателот за која се бара приклучок за пумпа за наводнување е нисконапонска мрежа од ТС Рамне 2 изградена со Al-C 4x50mm2 и ХОО-А 3x70+71,5mm2. Во близина на парцелата на барателот се приклучени 4 баратели преку нестандардни приклучоци од постоечки мерен разводен ормар за 4 броила (МРО-4) на фундамент до постоечки дрвен столб.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 14 мај 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-187/26 од 14 април 2026 година со прилог:

- Приговараното Решение
- Потврда од АД Водостопанство на РСМ Скопје дека на предметната КП нема водоводна инсталација
- Извештај за оптовареност на трафостаница
- Извештај за пад на напон во мрежата
- Слики од парцелата
- Имотен лист

- Приговор
- Изјава од барателот
- Слика од барањето за согласност за приклучување

На седницата се заклучи Електродистрибуција да достави ГИС скица со постоечка и новопредвидена состојба со вцртан објект, мрежа и трафостаница, со стандардизирани ознаки за НН, СН, ТС, при што на 26 мај 2026 година беше доставена бараната скица и воедно беше наведено дека предметната област е во опфат кој нема Урбанистичко планска документација, дел е во Национален парк, а до парцелите се стигнува низ приватни имоти. Не би можело да се планира развој на мрежа се до одобрување на планска програма и изготвување на Урбанистички проект. Останува постоечката мрежа.

На 9 јуни 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, подносителот на приговорот нема доставено изјави од сосопствениците на земјиште запишано како КП бр. 849/1 во имотен лист бр. 1459 КО Рамне дека даваат согласност на подносителот на приговорот за поставување на пумпа за наводнување, како и поради технички услови односно поради фактот што дел од предметното подрачје е во Национален парк, помеѓу предметната парцела и најблиската приклучна точка се наоѓаат парцели во приватна сопственост, а не постои урбанистичко-планска документација за предметното подрачје.

Согласно член 31 ставови (1) и (2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ“ бр. 191/19, 101/22, 68/24 и 106/25) (понатаму: Мрежни правила), ОДС ќе издаде Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа преку електронската платформа, на корисничкиот профил на барателот во случај кога барателот нема да ја комплетира документацијата во рок до 15 дена, по претходно известување од ОДС односно кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–187/26**
**19 јуни 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**